**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-7187/**

# З А П И С Н И К

**Од 266.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 25.12.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов**(скајп)**,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**(скајп)**,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека и м-р Јагнула Куновска.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и буџет во МРТ.

Седницата започна во 14.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Членот Илир Рамадани предложи да се повлечат точките 4 и 6 од денвниот ред, и истите да бидат предмет на разгледување на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записниците од 264.седница и 265.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година**.**

4. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства,(техничка корекција).

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записниците од 264.седница и 265.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 264.седница и 265.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 264.седница и 265.седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **ги усвои** записниците од 264.седница и 265.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година.
Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства.
■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2025 година, со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните го образложи Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година.
■ **Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2025 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА4:Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства,(техничка корекција).**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално ја објасни корекцијата на Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година.

Исто така беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница ја разгледа и даде согласност на корекцијата на Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година со пренамена на средства.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет, Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање корекцијата на Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства.

■**Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства (техничка корекција)** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2024 година, со пренамена на средства (техничка корекција) е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател